ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

## СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 1 ДАТА 21.01.2019 ГОДИНА 37

# МАКФУДБАЛ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 1 ДАТА 21.01.2019 г.

## СОДРЖИНА

- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКИ ОД КОМИСИЈАТА ЗА СТАТУС НА ФУДБАЛЕРИ НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД КОМИСИЈАТА НАД ФУДБАЛ НА ФФМ

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КАВАДАРЦИ

**Седница од 19.01.2019 година**

- **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Кавадарци фудбалерите: Миловановиќ Б. Марко од Фудбалскиот клуб „Росоман 83„ од с. Росоман и Бакрачески П. Наумче од ГФК „Тиквеш 1930„ од Кавадарци, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СКОПЈЕ

**Седница од 21.01.2019 година**

- **Регистрација на фудбалски клуб:**

Се регистрира Здружение - Фудбалски клуб „Арбен Бајрами„ од Скопје, согласно Решението на Централниот регистер на Република Македонија ЕМБС 7327188 од 08.01.2019 година со седиште во Скопје - Чаир на улица „Никола Малешевски„ број 16/1-1. Се задолжува Фудбалскиот клуб „Арбен Бајрами„ од Скопје во рок од 30 дена да достави Решение од Агенцијата на млади и спорт на република Македонија за вршење дејност спорт – фудбал.

- **Формирање на клуб во мал фудбал:**

Со Одлука број 1/19 од 21.01.2019 година Управниот одбор на Фудбалскиот клуб „Арбен Бајрами„ од Скопје формира Екипа во мал фудбал со исто име како клбот за голем фудбал кој ќе го користи истиот печат и истата жиро сметка.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ БИТОЛА

**Седница од 15.01.2019 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ПЕЛИСТЕР АД„ Битола: Петковски С. Андреј од ФК „Плачковица„ од Радовиш по член 35/3.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГЕВГЕЛИЈА

**Седница од 15.01.2019 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „СЦ ИСТАТОВ„ Нов Дојран: Шабанов К. Јован, Танев Ј. Ристо, Пелтековски В. Мартин, Пеливанов Б. Александар, Пеев Д. Ристе, Миленковиќ С. Ристо, Миленковиќ С. Милан, Зајков М. Филип, Диванисов Д. Мартин и Ќиров Б. Матеј, по член 35/1.

- **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регисттрацијата на фудбалерката Крстраноска Р. Симона од ЖФК „Олимпија„ од Љубљана од Република Словенија за ЖФК „СЦ Истатов 2015„ од Нов Дојран по член 35/11 бидејќи нема сертификат и одобрение од Меѓународна комисија на Фудбалската Федерација на Македонија.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГОСТИВАР

**Седница од 18.01.2019 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ВАРДАР„ с. Форино: Бислими Р. Амир, Ибраими Х. Бесар од ФК „Трабзонспорт„ од с. Г. Бањица, по член 35/3.

- **Бришење од регистер:**

Се бриши од евиденција на регистриани фудбалери при Општинскиот фудблски сојуз Гостивар фудбалерот Јусуфи С. Фати од Фудбаскиот клуб „Вардар„ од с. Форино, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

**Дополнување на документација од**
**Седница од 15.01.2019 година**
**за ОФС Тетово**

- **Склучување на професионален договор:**

ФК „Шкендија АД„ од Тетово и фудббалерот Омар Имери склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 2 (две) години и 6 (шест) месеци, до Летен преоден рок 2021 година.

**Седница од 18.01.2019 година**
**за ОФС Тетово**

- **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Тетово фудбалерите: Силва Дос Сантос од ФК „Ренова АД„ од с. Џепчиште, Исмаиљи Џ. Нуриман од ФК „Дрита АД„ од с. Боговиње и Јонузи М. Ваљмир од ФК „Тетекс АД„ од Тетово, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

**Дополнување на седница**
**од 18.01.2019 година за ОФС Тетово**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ШКЕНДИЈА АД„ Тетово: Агим Н. Ибрасими од НК „Домжале„ од Република Словенија, по член 35/11.

- **Склучување на професионален договор:**

ФК „Шкендија АД„ од Тетово и фудбалерот Агим Ибраими склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 2 (две) години до Зимски преоден рок 2019 година.

- **Бришење од регистер**:

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Тетово фудбалерите: Јусуф М. Фатјонм од ФК „Ренова АД„ од с. Џепчиште и Алиу Ј. Донат од ФК „Шкендија АД„ од Тетово, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбаслки сојуз.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 25-13/2
21.01.2019 год.

КОМИСИЈА ЗА СТАТУС НА ФУДБАЛЕРИ
21.01.2019 ГОДИНА

Комисијата за статус на фудбалери на Фудбалската федерација на Македонија во состав: Лазар Ракиџиев – претседавач, Расим Муминовиќ-член, Бернард Симонов-член, Димче Поповски – член и Беким Нухиа - член, постапувајќи по Барањето ФФМ бр. 25-13/1 од 08.01.2019 година за раскинување на договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал поднесено од Јакуп Бериша, а на штета на ФК Вардар – АД Скопје, врз основа на член 24 став 2 ал.4 од Правилникот за организација на ФФМ на седницата одржана на ден 21.01.2019 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А

1. Барањето за раскинување на договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал поднесено од Јакуп Бериша, фудбалер на ФК Вардар – АД Скопје, за раскин на договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал на штета на клубот ФК Вардар – АД Скопје СЕ УВАЖУВА во целост.

2. Договорот за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал број 1137/2017 од 29.08.2017 година, објавен во Макфудбал бр.35 на ден 30.08.2017 година склучен помеѓу Јакуп Бериша и ФК Вардар – АД Скопје во времетраење од 3 (три) години – до 14.06.2020 година СЕ РАСКИНУВА НА ШТЕТА НА КЛУБОТ – ФК Вардар – АД Скопје.

3. Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето и истата да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ - Макфудбал.

4. Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од 3(три) дена од прием на одлуката со уплата на такса во висина од 6.000,00 денари за физичко и 12.000,00 за правно лице на жиро сметка на ФФМ бр. 300000001599760 Комерцијална банка АД Скопје.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Комисијата за статус на фудбалери на ФФМ постапувајќи по барањето поднесено од Јакуп Бериша за раскин на Договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал на штета на клубот ФК Вардар АД Скопје, ги обезбеди сите потребни материјални докази кои се предуслов за мериторно одлучување при што констатира:

Фудбалерот Јакуп Бериша склучил на договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал со ФК Вардар – АД Скопје број 1137/2017 од 29.08.2017 година, објавен во Макфудбал бр. 35 на ден 30.08.2017 година во времетраење од 3 (три) години – до 14.06.2020 година.

Фудбалерот Јакуп Бериша како доказ приложи извод од тековна сметка во Комерцијална банка АД Скопје за периодот од 01.01.2018 година до 01.01.2019 година.

Фудбалерот Јакуп Бериша како доказ приложи ПРЕГЛЕД на регистрирани податоци во матична евиденција од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија од 03.01.2019 година.

Комисијата по разгледување на целокупната документација утврди дека ФК Вардар АД Скопје го прекршил членот 5 од склучениот договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал, склучен помеѓу Јакуп Бериша и ФК Вардар – АД Скопје број 1137/2017 од 29.08.2017 година, објавен во Макфудбал бр. 35 на ден 30.08.2017 година во времетраење од 3 (три) години – до 14.06.2020 година.

Согласно член 67 ст.5 и член 73 од Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ неисполнувањето на оваа одредба од договорот значи дека се исполнети условите во склад со основното правило да се бара раскинување на договор од оправдани причини.

Со оглед на горенаведеното Комисијата одлучи како во изреката.

**Комисија за статус на фудбалери на ФФМ**
**Претседавач,**
**Лазар Ракиџиев**

***доставено до:***
- ФК Вардар АД Скопје
- Јакуп Бериша
- макфудбал
- архива на ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА FOOTBALL FEDERATION OF MACEDONIA ФФМ 1 SKOPJE СКОПЈЕ

КОМИСИЈА ЗА СТАТУС НА ФУДБАЛЕРИ
21.01.2019 ГОДИНА

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 25-14/2
21.01.2019 год.

Комисијата за статус на фудбалери на Фудбалската федерација на Македонија во состав: Лазар Ракиџиев – претседавач, Расим Муминовиќ-член, Бернард Симонов-член, Димче Поповски – член и Беким Нухиа - член, постапувајќи по Барањето ФФМ бр. 25-14/1 од 08.01.2019 година за раскинување на договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал поднесено од Бесар Исени, а на штета на ФК Вардар – АД Скопје, врз основа на член 24 став 2 ал.4 од Правилникот за организација на ФФМ на седницата одржана на ден 21.01.2019 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. Барањето за раскинување на договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал поднесено од Бесар Исени, фудбалер на ФК Вардар – АД Скопје, за раскин на договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал на штета на клубот ФК Вардар – АД Скопје СЕ УВАЖУВА во целост.

2. Договорот за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал број 1170/2018 од 15.01.2018 година, објавен во Макфудбал бр. 4 на ден 31.01.2018 година склучен помеѓу Бесар Исени и ФК Вардар – АД Скопје во времетраење од 2 (две) години и 6 (шест) месеци – до 15.06.2020 година СЕ РАСКИНУВА НА ШТЕТА НА КЛУБОТ – ФК Вардар – АД Скопје.

3. Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето и истата да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ - Макфудбал.

4. Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од 3(три) дена од прием на одлуката со уплата на такса во висина од 6.000,00 денари за физичко и 12.000,00 за правно лице на жиро сметка на ФФМ бр. 300000001599760 Комерцијална банка АД Скопје.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Комисијата за статус на фудбалери на ФФМ постапувајќи по барањето поднесено од Бесар Исени за раскин на Договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал на штета на клубот ФК Вардар АД Скопје, ги обезбеди сите потребни материјални докази кои се предуслов за мериторно одлучување при што констатира:

Фудбалерот Бесар Исени склучил на договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал со ФК Вардар – АД Скопје број 1170/2018 од 15.01.2018 година, објавен во Макфудбал бр. 4 на ден 31.01.2018 година во времетраење од 2 (две) години и 6 (шест) месеци – до 15.06.2020 година.

Фудбалерот Бесар Исени како доказ приложи извод од тековна сметка во Комерцијална банка АД Скопје за периодот од 01.01.2017 година до 03.01.2019 година.

Комисијата по разгледување на целокупната документација утврди дека ФК Вардар АД Скопје го прекршил членот 5 од склучениот договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал, склучен помеѓу Бесар Исени и ФК Вардар – АД Скопје број 1170/2018 од 15.01.2018 година, објавен во Макфудбал бр. 4 на ден 31.01.2018 година во времетраење од 2 (две) години и 6 (шест) месеци – до 15.06.2020 година.

Согласно член 67 ст.5 и член 73 од Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ неисполнувањето на оваа одредба од договорот значи дека се исполнети условите во склад со основното правило да се бара раскинување на договор од оправдани причини.

Со оглед на горенаведеното Комисијата одлучи како во изреката.

**Комисија за статус на фудбалери**
**на ФФМ**
**Претседавач,**
**Лазар Ракиџиев**

***доставено до:***
- ФК Вардар АД Скопје
- Бесар Исени
- макфудбал
- архива на ФФМ

Комисија за мал фудбал

Комисијата за мал фудбал на ФФМ во состав: Добре Иванов-претседавач, Славе Крстев-зам.претседавач, Златко Ралевски-член, Илија Митров-член, Африм Јонузи-член и Иванче Захариев-член врз основа на член 37 од Пропозициите за натпреварување во Втора лига во мал фудбал за натпреварувачката 2018/2019 година, а во врска со член 82 и член 104 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, на седницата одржана на ден 27.12.2018 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А

1. Екипата на КМФ ТОРПЕДО од Кочани, која се натпреварува во Втората лига во мал фудбал во сезоната 2018/19, се дисквалификува од понатамошното натпреварување.

2. Поради дисквалификација од понатамошното натпреварување на екипата на КМФ ТОРПЕДО, состојбата на табелата од натпреварувањето за сезоната 2018/19 се утврдува на следниот начин:
- сите одиграни натпревари од првиот круг се признаваат со постигнатиот резултат;
- неодиграниот првенствен натпревар од 10 коло ГРАД ХЕРОЈ:ТОРПЕДО (прв натпревар од вториот круг), како и сите наредни натпревари кои КМФ ТОРПЕДО треба да ги игра по распоред, ќе се сметаат како неодиграни и истите нема да влијаат на пласманот на табелата;

3. Одлуката да се објави во службео-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал“.

## **О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Комисијата за мал фудбал на ФФМ на седницата одржана на 27.12.2018 година ја разгледа целокупната документација во врска со одигрување на десетото коло во мал фудбал за натпреварувачката 2018/19 година .

Комисијата имајќи ги во предвид претходно регистрираните натпревари од натпреварувачката 2018/2019 година утврди дека :

- Екипата на КМФ ТОРПЕДО од Кочани член на Втората лига во мал фудбал во организација на ФФМ за натпреварувачка 2018/2019 година, на ден 15.12.2018 година во Липково не го одиграла првенствениот натпревар од деветото коло со екипата на КМФ КАРАДАКУ од Липково. Натпреварот е регистриран со службен резултат 3:0 во корист на КМФ КАРАДАКУ поради неоправдано не одигрување од страна на екипата на КМФ ТОРПЕДО од Кочани. Исто така екипата на КМФ ТОРПЕДО на ден 23.12.2018 година во Прилеп не го одиграла првенствениот натпревар од десетото коло со екипата на КМФ ГРАД ХЕРОЈ од Прилеп. Натпреварот е регистриран со службен резултат 3:0 во корист на КМФ ГРАД

ХЕРОЈ поради неоправдано не одигрување од страна на екипата на КМФ ТОРПЕДО од Кочани.

Имајќи ги во предвид погоре наведеното, Комисијата заклучи дека КМФ ТОРПЕДО неоправадано неодиграл 2(два) натпревара во досегашниот тек на првенството. Од тие причини а врз основа на член 82 и член 104 од Правилникот за натпревари донесе одлука како во диспозитивот.

**Правна поука**: Незадоволната страна има право на жалбаво рок од 3(три) дена од денот на приемот на оваа одлука преку овој орган до Комисијата за жалби на ФФМ со уплата на такса во висина од 12.000,00 ден, на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на такса.

**Доставено до:**

- КМФ ТОРПЕДО
- КМФ во Втора лига
- Мак Фудбал
- Архива

Комисија за мал фудбал на ФФМ
Претседавач
Добре Иванов с.р.

Фудбалска Федерација на Македонија

Бр. : 18-2843/1-6.2

Датум година 27.12.2018

Врз основа на член 24 од статутот на ФФМ,Комисијата за Мал Фудбал на ФФМ постапувајќи по службена должност врз основа на член 35 од Пропозиции за натпреварување во Втора Футсал лига,на натпреварот помеѓу КМФ КАРАДАКУ-КМФ РУДНИК САСА кој требаше да се одигра на ден 23.12.2018 година според член 80 и 81 од Правилникот за натпревари на ФФМ на седницата одржана на ден 27.12.2018 донесе:

## *ОДЛУКА*

1. Натпреварот КМФ Карадаку–КМФ Рудник Саса во Втора Футсал Лига се регистрира со службен резултат 3-0 за екипата на КМФ Карадаку по службена должност за не одигрување на натпревар.
2. КМФ Рудник Саса од Македонска Каменица се предава на понатамошна дисциплинска постапка.
3. Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави на службеното гласило на ФФМ-Мак Фудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата за Мал Фудбал на ФФМ по службена должност го регистрира првенствениот натпревар од **10** коло Втора футсал лига помеѓу КМФ Карадаку-КМФ Рудник Саса со службен резултат **3-0** за **КМФ Карадаку од с.Липково** кој требаше да се одигра на ден 23.12.2018 година во 14,00 часот во с.Липково.По разгледување на целокупната документација и записникот од натпреварот се гледа дека екипата на КМФ Рудник Саса од Македонска Каменица не отпатувала и не одиграле натпревар во с.Липково.

При ваква утврдена фактичка состојба и со примена на одредбитена Правилникот за натпревари на ФФМ донесена е одлука како во диспозитивот.

**Поука:** Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за молби и жалби на ФФМ во рок од 3(три) дена од денот на приемот на ова одлука преку овој орган до комисијата за молби и жалби со уплата на такса од 12,000,00 ден, на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на такса.

**Доставено до**
- КМФ "Карадаку"-с.Липково
- КМФ"Рудник Саса"-М.Каменица
- Мак Фудбал
- Архива

**Фудбалска Федерација на Македонија**
Комисија за Мал Фудбал
Претседавач
Добре Иванов с.р.

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата

**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" 6б
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**